**20170891561**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 394 алинеја 5 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15, 226/15 и 55/16), министерот за внатрешни работи, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА И ВОЗАЧКА КНИШКА, НАЧИНОТ НА НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ И ЗАМЕНУВАЊЕ И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИТЕ ЗА ИЗДАДЕНИ ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ И ВОЗАЧКИ КНИШКИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на возачка дозвола и возачка книшка, начинот на нивното издавање и заменување и за начинот на водење на евиденциите за издадени возачки дозволи и возачки книшки во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/17),во член 3 во ставот (2) точката 4b се менува и гласи:

„4b. важи до ;“

Во точката 4c. зборовите „возачката дозвола“ се бришат.

Во точката 5 зборот „возачка“ се заменува со зборот„возачката“.

Во точката 9 зборовите „ на возила за кои важи возачката дозвола“ се бришат.

Член 2

Прилозите бр.1 и 1-а се заменуваат со нови Прилози бр.1 и 1-а, кои се составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1.1-47343/1
11 јули 2017 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.

Прилог бр.1




(предна страна)




(задна страна)

Прилог бр.1-а




(предна страна)




(задна страна)